Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 251/0306
05.06.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29 мај 2019 година, врз основа на примена жалба од Кабинетот на министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Интернет - порталот „Магазин.мк“, со текстот насловен „Никола Димитров во јуни „си бега“ од земјата на која ѝ го смени името“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 8 мај 2019 година, Кабинетот на министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, поднесе жалба за текстот со наслов „Никола Димитров во јуни „си бега“ од земјата на која ѝ го смени името“, објавен на 7 мај 2019 година, на Интернет - порталот „Магазин.мк“ (www.magazin.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Од Кабинетот на министерот Димитров потенцираат дека посочениот текст се осврнува и на семејните прилики на министерот, ставајќи ги во контекст и во служба на објавените невистини.

*„Во текстот се посочени и инволвирани и други лица вршители на функции, исто така во служба на објавените невистини. Притоа, текстот ги прекршува основните новинарски начела за одбрана на човековите права, достоинството и слободата, почитувањето на плурализамот на идеите и ставовите“*, се вели во поднесената претставка.

Кабинетот на министерот за надворешни работи, меѓу другото, посочува дека истата информација, објавена на „Магазин.мк“, била преземена и пренесена и од други медиуми и портали.

*„Подобрувањето на состојбите во сферата на медиумските слободи, справувањето со феноменот на лажни вести и справувањето со говорот на омраза претставуваат суштински заложби во насока на реализирање на евроатлантската иднина на нашата држава која е во фокусот на работата на Министерството за надворешни работи“*, наведуваат од Кабинетот на министерот Димитров.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Магазин.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

***Член 1:** „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:** „Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 29 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, заклучија дека текстот произлегува од јавниот интерес, дека носителите на јавни функции и институции, во случајов, министерот за надворешни работи е легитимна новинарска цел и не смее да биде изземен од теми за кои јавноста има право да биде информирана. Но, во исто време, Комисијата се согласи дека авторот, кој се повикува на свои дипломатски извори, не обезбедил доволно аргументи да ги поткрепи тврдењата и да обезбеди што е можно пообјективна информација. Наместо факти и проверени информации, текстот изобилува со сомнителни тврдења, субјективни мислења и тенденциозни обиди за политичка дискредитација на министерот Димитров, ставени во контекст на промената на уставното име.

Критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции и државни установи, се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела и не смее да ги надмине границите на слобода на изразување. Ова уште повеќе што новинарот отстапил од основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни, во случајов и од министерот за надворешни работи Димитров или од неговиот Кабинет. Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојуваат следниве реченици:

***„Дојде од позицијата амбасадор во Хаг, ја заврши “задачата“ со Преспанскиот договор и си заминува од Северна Македонија“.***

***„Истовремено, министерот Димитров не се чуствувал и најкомотно меѓу своите сонародници во државава заради поларизираната атмосфера која се создаде после потпишувањето на Договорот од Преспа, кој за многу Македонци е спорен и понижувачки“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова,

особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, Комисијата утврди дека во текстот авторот неретко се јавува во улога на коментатор и не прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата. Ваквата отстапка особено е забележителна во следниов пасус од текстот:

*„Министерот Димитров лани, за време на кампањата за референдумот за смена на уставното име со паролата "За европска Македонија", посети повеќе градови во државата и ги убедуваше граѓаните дека со гласањето ЗА, на земјата и се отвараат големи развојни и економски перспективи, како и работни места за младите,* ***но очигледно е дека со заминувањето од Македонија, која тој со потпис ја прекрсти како "Северна", ни тој самиот не верува во тие перспективи штом "си бега" во Америка".***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулирање со публиката. Ова уште повеќе ако се земе предвид фактот дека текстот на интернет порталот „Магазин.мк", во меѓувреме, беше преземен и објавен од повеќе други медиуми.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Магазин.мк" (www.magazin.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595